# ОДЛУКА

за усвојување на Политиката на наградување на
Стопанска банка АД - Скопје

Скопје, јуни 2021 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 399/04.03.2020 година, ревидиран текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седница оддржана на 29.06.2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
за усвојување на Политиката на наградување на
Стопанска банка АД - Скопје

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје ја усвојува Политиката на наградување на Стопанска банка АД - Скопје.

2. Составен дел на оваа Одлука е Политиката на наградување на Стопанска банка АД - Скопје.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

С.О. бр. _____
29.06.2021 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач,

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на стандардите на НБГ Групацијата, Политиката за наградување на Стопанска банка АД - Скопје беше усвоена од Собранието на акционери во 2013 година и потоа редовно се ревидираше за да се прилагоди целосно на домашното законодавство. Политиката за наградување на Банката ја утврдува генералната рамка за плати и наградување и ги дефинира основните начела кои Банката мора да ги следи кога одлучува за овие прашања.

Секретарот на Одборот за наградување, во соработка со засегнатите сектори на Стопанска банка, иницираше ревидирање на Политиката. Освен одредени технички измени, главната промена се однесува на надлежностите на Одборот за наградување, т.е. да утврдува и да го ревидира Списокот на вработени кои се опфатени со Политиката, а која се ревидира на годишно ниво. Со предложените измени, Списокот на носителите на ризик е издвоен од самата Политика за наградување и постапката за идентификување и ревидирање на списокот соодветно се префрлува под одговорност на Одборот за наградување. Така, овој процес е рационализиран (т.е. Собранието на акционерите не е задолжително да ја ревидира Политиката за наградување *само* затоа што Списокот треба да се ревидира на годишно ниво) и пренесен под соодветна надлежност на надлежното тело.

Пред поднесувањето на измените до Собранието на акционери, Политиката за наградување беше разгледана од Одборот за наградување и од Одборот за наградување и Надзорниот одбор.

Секретар на Одборот за наградување